# ДУХОТ БОЖЈИ И ДУХОТ НА ОВОЈ СВЕТ

Старец
Пајсиј Светогорец



ikona

***Чувајте Душе***

***Духот Божји и духот на овој свет***

Старец Пајсиј Светогорец

Превод: Сашо Кузмановски:
Лектура: Снежана Христовска
Уредник:Наташа Данчевска
Графичка подготовка: С. Кузмановски
Печати: Студентски Сервис
Скопје 2024

CIP - Каталогизација во публикација Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје
271.2-788-055.1:929Пајсиј Светогорец, старец
СТАРЕЦ Пајсиј Светогорец / преведувач од српски Сашо Кузмановски. - Скопје : Икона, 2024 (Скопје : Студентски сервис). - 448 стр. ; 24 см
Фусноти кон текстот. - Превод на делото: Старац Пајсије Светигора
ISBN 978-608-4993-56-8
а) Пајсиј Светогорец, старец, 1924-1994 – Биографии
COBISS.MK-ID 64445957

# ДУХОТ БОЖЈИ И ДУХОТ НА ОВОЈ СВЕТ

## Старец Пајсиј Светогорец



# ЖИВОТОПИС

## *Неговиот живот*

Старец Пајсиј е роден на празникот на света Ана на 25-ти јули 1924, во Фараса, Кападокија, во Мала Азија. Неговиот татко Продромос, побожен човек, бил градоначалник на Фараса. Се одликувал со силен патриотизам и неговиот живот многупати бил загрозен од страна на дивите турски орди кои претставувале постојана закана за градот Фараса. Продромос чувствувал длабока стравопочит и љубов кон отец Арсениј, духовниот отец на ова семејство; Црквата неодамна го канонизирала (свети Арсениј Кападокиски) поради многуте чуда кои ги извршил, дури и по неговата смрт. Поради своите деца, како и поради себеси, Продромос, воодушевен од необичниот живот на свети Арсениј, го чувал бележникот во кој ги запишувал чудата на Светителот, без разлика дали само да слушнал за нив, или и самиот бил сведок. Мајката на старецот се викала Евламбија, а имал уште девет браќа и сестри.

На 7-ми август 1924, една недела пред големата преселба од Фараса (Турција) во Грција, свети Арсениј решил да ги крсти сите деца, вклучувајќи го и синот на Продромос. Детето требало да го добие името Христос како што се викал и неговиот дедо, според стариот грчки обичај. Меѓутоа, свети Арсениј предлогот го одбил сакајќи на детето да му го даде своето име. „Јас сфаќам, дека вие би сакале некој да биде наследник на дедото, но, зарем и јас не би можел да посакам монах, кој би бил мој наследник?“ Потоа се свртел кон кумот и рекол: „Ќе се вика Арсениј!“ На тој начин, свети Арсениј го претскажал призивот на старецот и тој, уште од рано детство, бил избран да стане сосад на Светиот Дух.

На 14-ти септември 1924, па празникот Воздвижение на Чесниот Крст, бегалците од Фараса, по многу искушенија, најпосле стигнале во Пирејското пристаниште во Грција. Во Пиреја останале три недели, а потоа отишле на Крф каде привремено биле населени во местото под име Кастро. Свети Арсениј, како што и самиот прорекол, на островот живеел само четириесет дена. Се упокоил на 10-ти ноември на осумдесетгодишна возраст, оставајќи го како достоен наследник на своето духовно богатство младиот Арсениј, односно, како што подоцна ќе биде наречен, старец Пајсиј.

Младиот Арсениј и неговите родители поминале околу година и половина на Крф, а потоа се преселиле во едно село покрај Игуменица (североисточна Грција). Нивна крајна дестинација бил градот Коница во Епир.

Срцето и умот на младиот Арсениј во потполност биле посветени на Христа и Пресвета Богородица и во неговиот живот доминирала неговата голема желба да се замонаши. Сакал да шета низ шумата и да се моли во текот на целиот ден носејќи во раката дрвен крст што сам го направил.

По завршувањето на основното училиште, во Коница работел како дрводелец, додека не дошло време за војска. Како човек на молитвата тој, исто така, бил и многу чувствителен и нежен. Кога некој ќе починел, а од него било нарачано да направи ковчег, никогаш не земал пари од роднината на покојниот. Постапувајќи на овој начин, тој, на свој начин, го давал својот придонес во олеснувањето на нивната болка и жалост.

1945 година бил избран за војска, каде се истакнувал со својот карактер и решителност. Секогаш сакал да биде на првата борбена линија или да учествува во најопасните операции, та најпрвин неговиот живот да биде доведен во опасност. Посебно се грижел за војниците кои имале жени и деца. Обично би им говорел: „Тебе те чекаат жена и деца, а јас немам никого; јас сум слободен“. Многупати се случувало да биде во смртна опасност спасувајќи туѓ живот. Во текот на најголемиот дел од својата воена обврска бил во службата за врски, а во 1949 г. е отпуштен од војска.

### *Првите години од монашкиот живот*

По отслужувањето на војската, без двоумење се упатил на Света Гора, бидејќи веќе одлучил да се замонаши. Меѓутоа, останал само неколку месеци, зашто бил преокупиран со судбината на своите сестри кои сè уште биле немажени. Значи, тргнал накратко да ѝ се врати на својата фамилија.

1950 година се вратил на Света Гора. Првата ноќ ја поминал во ќелијата на свети Јован Богослов, која ѝ припаѓа на Големата Лавра, а сместена е недалеку од Кареја. Потоа отишол во скитот свети Пантелејмон, во ќелијата Воведение на Пресвета Богородица, каде престојувал отец Кирил, многу духовен и добродетелен подвижник. Отец Кирил подоцна станал игумен на манастирот Кутлумуш.

Совесните подвизи на о. Кирил во поглед на постот и бдението биле од голема корист за младиот Арсениј кој сакал покрај него да го помине остатокот од животот. За жал, околностите не му дозволиле тоа да го направи. Отец Кирил го упатил во гостољубивиот манастир Есфигмен, кој, сè уште не бил вклучен во движењето на старокалендарците. Таму пристапил 1950 г., а за монах е пострижан 1954 г. Сега, неговото ново име било Аверкиј.

Младиот Аверкиј покажал огнена ревност кон послушанието. Кога заедно со останатите монаси ќе бил вклучен во различни заеднички задолженија, се обидувал да остане сам, за да може непречено да се моли. На пример, кога сите останати работеле во маслинарникот, тој остапувал на оддалеченост од стотина метри, совесно извршувајки го своето задолжение, додека во исто време бил во состојба на духовно созерцание.

Темелно ги изучувал житијата на светиите, изреките на пустинските отци и книгата со поуки на свети Исак Сириски; оваа книга секогаш ја држел покрај својот кревет, под перницата. Кога Аверкиј ќе го завршел своето задолжение (кое го определувало манастирот), не заминувал во ќелијата да се одмори, туку, наместо тоа, им помагал на останатите монаси и тие побргу да го завршат нивното задолжение. Не можел да си допушти привилегија да ужива во мирот и тишината на својата ќелија, додека другите сè уште работеле. Најчесто својата помош ја нудел на најслабите, избегнувајќи ги оние кои губеле време на бесполезни задолженија. Секого го љубел без разлика и секому му бил покорен, секогаш сметајќи се себеси за најнезначителен.

Аверкиј немал доверба во своето сопствено расудување или волја. По сите прашања, без двоумење, барал совет од својот духовен отец. Го молел Бога секогаш да го просветлува за да може да го води согласно со својата волја.

Неговото срце било исполнето со благодарност, зашто секогаш размислувал за добрата кои Бог ги прави, како нему, така и на остатокот од светот. Неговата љубов кон Бога, која своето потекло го имала во неговата внатрешна благодарност, непрестајно растела паралелно со неуморната, непрекинатата молитва. Единствена цел на неговото срце била, макар и во најмала мера, со благодарност да одговори на Божјата благонаклонетост. Верувал дека благодатта Божја е единствената причина на секое добро; поради своето длабоко смиреноумие, се обвинувал себеси за секое зло кое ќе се случело. Кога ќе видел, дека некој паднал во грев, па одбива да се

покае или да нема вера во Бога, ќе помислел: „Моја е вината, што еден од моите браќа се нашол во таква тешка состојба. Да постапев согласно Христовата волја, Он ќе ги чуеше моите молитви и мојот брат не ќе беше во толку непријатна состојба; мојата расипаност ја предизвика несреќата на мојот брат“. Секогаш размислувал на овој начин и се обидувал секој светски проблем да го претвори во свој сопствен. Непрестајно се молел на Бога да помогне на сите луѓе кои, како што смирено мислел, страдаат поради сопствена немарност и духовна мрзливост. Бог, Кој ги слуша понизните, секогаш одговарал на Аверкиевите молитви, зашто се излевале од неговото расплamтено срце, исполнето со благодарност и смиреност.

Аверкиј сакал да ги посетува старците и духовните отци исполнети со благодатта на Духот Божји; со задоволство го земал нивниот благослов и ги слушал нивните духовни совети. Неговата чиста детска душа веднаш, без какво и да е сомневање или двоумење, прифаќала сè што ќе чуе од овие старци, таканаречени „прекрасни цветови“ на Пресвета Богородица. Тој, со сето срце верувал во нив и никогаш не ги испитувал нивните зборови со својата логика. Наместо тоа, послушно ги следел нивните совети и понизно го отфрлал својот начин на размислување или логично преиспитување. Добро знаел дека човекот не смее да користи само здрав разум за да ги сфати духовните работи; тоа би било исто како и обидот со човечки раце да се фати ветрот.

Уште додека бил млад, посетил многу монаси, собирајќи го како пчела нивниот „духовен полен“, за подоцна да биде во состојба да создаде сопствен „духовен мед“, кој потоа, го вкусиле многу натажени луѓе.

Во 1954 г., околностите (како и советот на неговиот духовен отец) го навеле да го напушти Есфигмен и да премине во манастирот Филотеј, каде што неговиот чичко, исто така, бил монах. Манастирот тогаш бил идиоритмички[1]. Аверкиј станал, ученик на отец Симеон, исклучително добродетелен човек. Во 1956 г., отец Симеон на Аверкиј му дал мала схима и тогаш добил ново име, Пајсиј, во чест на архиепископот Пајсиј Втори Кесариски, кој, исто така, дошол од Фараса во Кападокија.

---

[1] Манастирите каде што монасите живеат заедно, но притоа немаат заеднички игумен и следат индивидуален поредок во духовниот живот и сами се грижат за своето материјално издржување, со средства кои ги добиваат како надомест за извршување послушанија, се нарекуваат уште и скитови.

Во манастирот Филотеј се зближил со старецот Августин, подвижник, кој престојувал во келијата „Воведение на Пресвета Богородица“. Неговата простодушност и смиреноумие биле од голема полза за старецот.

Старецот Пајсиј ја продолжил својата ревносна подвижничка борба, помагајќи им на сите можни начини на монасите во манастирот.

***Следува опис на настани кои ја покажуваат неговата постојана желба секогаш да им биде од помош на другите.***

Еден од монасите направил грев, но немал храброст да го исповеда. Како резултат на ова, се повлекол во себе и, бидејќи очаен, почнал да размислува за самоубиство. Старецот тоа го насетил и се обидел да му помогне. Еден ден го затекнал сам и почнал да зборува за своите сопствени гревови, намерно спомнувајќи го оној ист грев кој го направил и овој монах. За жал, монахот негативно реагирал на напорот на старецот да го наведе на исповед. Наместо тоа, почнал да оди по манастирот и на сите да им раскажува како Пајсиј, кого го сакаат и фалат, всушност е многу грешен човек, повторувајќи збор по збор, сѐ што му рекол старецот. Секако, отец Пајсиј не се обидувал да се оправдува и монасите, сфаќајќи ги неговите благонаклони и грижливи намери, ја оправдале неговата постапка и го пофалиле за ова.

Секој ден се стремел кон очистување на душата. Од Бога не барал ништо, зашто многу добро знаел дека Бог, преку Светото Крштение му го подарил најскапоценото нешто на светот, благодатта на Светиот Дух. Не завидувал на „талантите“ и даровите на другите, бидејќи знаел, дека и самиот тој, преку Светото Крштение го добил истото. Тој не бил ниту горд поради нив, зашто и покрај тоа што знаел дека ги поседува тие дарови, бил свесен дека тоа се дарови на Божјата благодат. Негова најголема грижа била како, со помош на ревноста и смиреноумието, да ја поттикне Божјата благодат да дејствува во него што е можно порано. Од таа причина непрестајно се трудел за очистување на душата.

Од душата ја отстранувал секоја трага на нечистите помисли и на негативното расположение, така што, наместо нив го всадувал она што е добро и позитивно.

Било восхитувачки да се гледа како тој, без каков било напор, во секоја ситуација ги поттикнувал добрите и позитивни мисли, без оглед колку таа ситуација била сложена и тешка, зашто допуштал

на Божјата благодат, која е долготрпелива и полна со добрина, (1. Кор. 13, 4) да дејствува во негова полза. Поради тоа, бил во состојба вешто да ги прикрие грешките и пропустите на другите луѓе, како што се гледа од следниов настан:

Во еден од манастирите престојувал монах кој кажувал збунувачки приказни. Посетителите, кога ги чуле тие приказни, се соблазниле и го запрашале старецот: „Оче Пајсиј, еден од монасите во овој манастир раскажува необични приказни. Што се случува со него?“

Старецот веднаш одговорил: „Бидете претпазливи да не судите на другите, зашто тој наш брат е многу побожен; кога во манастирот ќе се појават посетители, се преправа дека заради Христа е јуродив, за Бог да го награди“. Одговорот на старецот ги смирил посетителите.

Неговото љубезно срце постепено ги опфаќало и заштитувало сите на ист начин, како што и Бог премудро ги сокрива сите наши гревови, така што, тие не се предочени пред целиот свет.

Додека престојувал во манастирот Филотеј, го посетувал отец Кирил во неговиот скит и го барал неговиот совет за различни прашања. Отец Кирил, со помош на Божјата благодат, во голема мера му помагал на старецот. Тој, многу често му давал решение за неговите проблеми, понекогаш и пред старецот да расправа за нив. Бог, речиси, секогаш го „известувал“ за неговото доаѓање, така што, секогаш имал подготвени одговори. Понекогаш дури ќе нашол одговори во некоја од своите книги, а потоа ги подвлекувал за да му ги покаже на отец Пајсиј кога ќе пристигне. Старецот го изразувал својот восхит и, откако ќе побарал негов благослов, заминувал исполнет со радост и духовна полза.

Во 1950 г., старецот бил замолен да ја напушти Света Гора и да отиде во Стомио, во Коница, за да помогне во заштитата на таа област од протестанскиот прозелитизам. Како што чувствувал дека тоа е навистина, Божја волја, отишол во Стомио, каде престојувал во манастирот Рождество на Пресвета Богородица. Со помош на Божјата благодат, ја понудил својата соработка на многу луѓе. Во 1962 г., од духовни причини се упатил на Синај, каде што престојувал во Келијата на свети Галактион и духовно обогатил многу луѓе во таа област. Бедуините исклучително го сакале. Обично по неколку часови дневно изработувал предмети од дрво, а кога ќе ги продадел, купувал храна и им ја давал.

Во 1964 г., го напуштил Синај и се вратил на Света Гора, каде се населил во ивиронскиот скит, во ќелијата свети Архангел. Во текот на 1966 г. сериозно се разболел и неколку месеци бил лекуван во болницата Папаниколау во Солун. Бил опериран и му бил отстранет голем дел од белите дробови.

## *Зближување со манастирот свети Јован Богослов*

На старецот поради операцијата му била потребна крв. Неговите роднини не биле покрај него (како што самиот сакал) и една група искушенички дале онолку крв колку што било потребно. Им бил многу благодарен за оваа помош. Сакајќи да ја изрази својата длабока благодарност, обично велел дека нивната љубезна помош личи на волнен џемпер, кој го обвива само неговото тело; сакал да го соблече и да им го врати како израз на својата искрена благодарност.

Сочувствувал со монахињите кои наидувале на непремостливи проблеми во напорот да подигнат свој манастир. Така, тој лично преземал иницијатива за пронаоѓање соодветно место за неговата изградба. Ја понудил својата соработка на секој можен начин: паралелно со манастирските темели, тој положил и духовни темели, давал упатства за примерно функционирање на манастирот. Значи, старецот воспоставил цврсти врски со манастирот на свети Јован Богослов и останал со него сè до својата смрт.

На крајот од 1967 год., отишол во Катунакија на Света Гора, каде се населил во Ипатиевата келија, која ѝ припаѓа на Големата Лавра. Живеејќи осамено во оваа напуштена област, многупати го доживеал Божјото присуство и утеха, што придонело за неговото духовно растење и овозможило да утеши илјадници несреќни луѓе.

## *Во манастирот Ставроникита*

Во 1968 година, старецот Пајсиј отишол во манастирот Ставроникита каде помагал во негово обновување, како со учество во работите, така и со духовни совети.

Во Келијата на Светиот Крст при манастирот Ставроникита, сместена недалеку оттаму, живеел отец Тихон, подвижник, кој бил и духовен отец (отец Тихон е роден во 1884 год. во Русија. Бил многу надарен човек и водел строг испоснички живот). Старецот Пајсиј често го посетувал за духовни совети и за да му помага во служењето на Божествена Литургија, сослужувајќи како псалт.

Службата често се прекинувала, зашто отец Тихон ќе се нашол во духовно созерцание, кое понекогаш траело и по половина час. Гледал, како што самиот раскажувал, ангелски чинови, херувими и серафими, кои Го прославуваат Бога. Отец Тихон го пострижал старецот Пајсиј и му дал голема монашка схима.

Кога животот на отец Тихон се приближил до крајот (десет дена пред да се упокои), го замолил старецот Пајсиј да остане покрај него и да ја преземе грижата за него. Старецот Пајсиј му служел на отец Тихон со голема самопожртвуваност, нудејќи му сѐ што можел за да го утеши. Отец Тихон обично му велел: „Пајсиј, нашата љубов е скапоцена. Мил мој Пајсиј, чедо мое, нашата љубов ќе трае во вечни векови". Го замолил по неговата смрт да остане во неговата ќелија и му ветил дека секоја година ќе го посетува. Отец Тихон се упокоил на 10-ти септември 1968 г., два дена по празникот Рождество на Пресвета Богородица, како што и самиот предвидел, бидејќи бил добро подготвен за своето патување кон вечноста.

Отец Пајсиј по желба на отец Тихон, се населил во ќелијата на Светиот Крст, каде што останал до 1979 г.

### *Во ќелијата Панагуда*

На 13-ти мај 1979 г., отец Пајсиј се вратил во манастирот Кутлумуш, во кој и бил регистриран како монах. Се населил во неговата испосница, Панагуда (Рождество на Пресвета Богородица), откако била претворена во ќелија.

Додека живеел во Панагуда, старецот им помогнал на многу вознемирени души. По цел ден, од утро до мрак, на луѓето им давал совети, утеха и решенија за нивните проблеми, ја отстранувал нивната тага и ги исполнувал нивните души со вера, надеж и љубов кон Бога. Денот го посветувал на луѓето, а ноќта на Бога. Успевал да се одмори во раните утрински часови, 2 до 3 часа, за да може да го преживее секојдневниот замор. Во текот на ноќта читал писма кои секојдневно пристигнувале во голем број.

Старецот бил многу натажен од содржината на писмата, а и поради она што луѓето во текот на денот му го раскажувале. Луѓето, речиси секогаш, му зборувале за раскинати бракови, душевни болести и смрт предизвикана од карцином. Старецот Пајсиј се преобразил во духовен магнет кој ја привлекувал тагата на ожалостените луѓе.